**АЛИЈАНСА ЗА ПОЗИТИВНА МАКЕДОНИЈА**

# Д Е Л О В Н И К

**за работа на**

## ИЗВРШНИОТ О Д Б О Р

Септември,2015

Врз основа на член 45 став 1 алинеја 13 од Статутот на Алијанса за позитивна Македонија, Извршниот одбор на седницата одржана на 27.09.2015 година донесе

# Д Е Л О В Н И К

за работа на Извршниот одбор на Алијанса за позитивна Македонија

Член 1

Со овој деловник се утврдува начинот на работа на Извршниот одбор на Алијанса за позитивна Македонија,правата,должности и одговорноста на членовите на Извршниот одбор.

Член 2

Помеѓу две седници на Главниот одбор, највисок орган на управување на Партијата е Извршниот Одбор.

Извршниот одбор на АПМ го сочинуваат.

- Претседателот на АПМ
- Потпретседателите на АПМ
- Секретарот на АПМ
- од 9(девет) до 13(тринаесет) членови

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4(четири) години со право на повторен избор.

За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Главниот одбор на АПМ , кој што со одлука може да отповика одделен негов член или пак Извршниот одбор во целина

Член 3

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Алијанса за позитивна Македонија.

Седниците на Извршниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш месечно.

На седници на Извршниот одбор се поканувааат портпарол на Партија ако не е член на Извршен одбор, претседателот на Надзорен одбор,претседавачот на Главен одбор и претседатели на интересовни облици, без право на глас и одлучување.

По потреба се поканувааат и други носители на партиски и јавни функции.

Извршниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на неговите членови.

Одлуките Извршниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови и со јавно гласање.

Од седницата на Извршниот одбор се води записник што се усвојува на наредната седница.

Член 4

Седница на Извршниот одбор може да биде свикана и по предлог на претседателот на Надзорен одбор или најмалку 1/3 од членовите на Главен одбор или Извршен одбор.

Предлог за свикување на седница од став 1 на овој член треба да биде доставен во писмена форма и образложен.

Претседателот на АПМ е должен во рок од 5 (пет) дена по барањето да ја закаже седницата на Извршен одбор.

Ако Претседателот на АПМ не ја закаже седницата во предвиден рок, подносителот на барењето ја свикува,припрема и раководи со седницата на Извршниот одбор.

Во случај на отсуство на Претседателот на АПМ, седниците може да ги свикува, потпретседателите или секретарот со претходно овластување од страна на Претседателот на АПМ.

Член 5

Дневен ред на седниците го предлага Претседателот на АПМ, а се утврдува на почеток на седниците.

Воведни напомени по материјалите за кои ќе се расправа поднесува изготвувачот на истите или претседателот на работното тело.

По расправата се донесуваат заклучоци на материјалите.

Член 6

Во расправата по точките од дневниот ред ,времетраењето на дискусијата не може да трае повеќе од 10 минути.Членот кој учествува во расправата има право на реплика која не може да биде повеќе од 3 минути.

Доколку некој од присутните дискутира за прашања надвор од дневниот ред, Председавачот на Главниот одбор е должен да го опомене,а ако и после тоа продолжува исто да дискутира му го одзема зборот.

Член 7

Членовите на Извршниот одбор писмено се известуваат за закажаната седница и истовремено им се доставува материјалот според дневниот ред од 3(три) до 5(пет) пред денот на одржувањето на седницата.

За итни прашања за кои е потребно изградување на мислење и став на Извршниот одбор може да се закаже седница без однапред доставени материјали.

За прашања од технички карактер Извршниот одбор може да одржи седница и по електонски пат односно дискусиите и гласањето да се изврши по електронска пошта.

Член на Извршниот одбор може да учествува на седницата на ИО и преку интернет конекција- во живо, доколку е во странство, со претходна најава до секретарот на АПМ од најмалку 6 часа пред одржување на седницата, и доколку за тоа постојат оптимални технички услови.

Член 8

Извршниот одбор може да заседава и преку електронска седница.

Електронската седница се закажува доколку нема можност во краток да се свика регуларна седница на Извршниот Одбор. Минимален рок за свикување на електронската седница е 48 часа пред одржувањето.

Електронска седница на Извршниот одбор може да свика само Претседателот на АПМ.

За одржување на електронската седница членовите на Извршниот одбор се комуницираат преку електронска пошта од електронска адреса на членот заведена во Регистарот на членство. Секоја последно доставена електронска адреса од член на Извршниот одбор ќе се смета за валидна и поставената предлог-одлука на гласање на истата адреса ќе се смета за уредно доставена.

На електронската седница Претседателот го доставува Дневниот Ред и материјалите што треба да бидат гласани.

Претседателот одредува временски рок до кога можи да се расправа по предложените документи по електронски пат, како и го одредува времето до кога можи да се гласа.

Се гласа со „за“, „против“ и „воздржан“. Во случај членот на ИО да не се изјасни преку електронска пошта во определениот рок, молчењето ќе се смета за прифаќање на предложената одлука.

Веднаш по истекот на определениот рок Претседателот на АПМ преку електроннска пошта ќе ги извести членовите на ИО за резултатите од гласањето преку електронска пошта.

Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство како и гласањето извршено на седница.

Предмет на гласање преку електронска пошта не може да биде одлука за избор на тела и органи што се под надлежност на ИО..

Член 8

Измени и дополнувања на овој деловник се вршат по постапка како и при неговото донесување.

Член 9

Деловникот ќе се применува од денот на неговото усвојување.

Алијанса за позитивна Македонија
Извршен одбор
В.д. Претседател,
Проф. д-р Рубин Земон

27.09.2015